# Наставна содржина: Разговорот како вид на комуникација

Прочитајте го текстот „Учтиви зборови“ обрнете внимание на комуникацијата меѓу ликовите.

(стр.121 во учебникот)

Откако ќе го прочитате текстот размислете и одговорете во тетратките на следниве прашања:




- Каде се одвива дејството во текстот?
- Кои зборови за културна комуникација ги уочи кај ученикот?
- Како се однесувале личностите со кои ученикот доаѓал во комуникација?
- Зошто нивниот однос кон него е токму таков?



# Откако ќе одговорите на прашањата во вашите тетратки ќе си запишете:

Мислите, односно зборовите кои им ги упатуваме на нашите соговорници, кои пак ни возвраќаат со соодветен одговор, се нарекува **разговор**. Тој служи како комуникација во различни животни ситуации од нашето секојдневие. Разговараме дома, со блиските, со пријателите, на улица, во продавница, во автобус, во театар, во библиотека, на роденденi.

Разменуваме мисли за: одреден настан, прочитана книга, проследен филм, спортски настан, ТВ емисија и сл. Особено е важна културната комуникација со зборовите: **молам, повелете, извинете, благодарам, поздрав**. Со тоа оставаме впечаток на културна личност, со воспитан израз кој помага во севкупната секојдневна комуникација и во животот.







* Ве молам!
* Извинете!
* Благодарам!
* Простете!
* Ве поздравувам!
* Повелете!
* Добро утро!
* Да ве замолам!
* Како сте?
* Ако сакате...





# Задача

Размислете за вашиот однос со личностите со кои комуницирате: родители, другарчиња, наставници, соседи, на училиште, на интернет, во автобус, во продавница...

Потоа во вашите тетратки писмено изразете се на тема **„Учтиви зборови“**

Внимавајте на правописот, конструкцијата на речениците и композицијата на текстот (вовед, главен дел, завршен дел) Составот треба да има од 100 до 150 зборови

ООУ„Гоце Делчев“ – Центар

Наставник: Маја Ѓорѓиевска

април 2020